МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

Број:11 – 7205/3
Датум: 02.12.2021
Скопје

ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош на ден 30.11.2021 година изврши увид на лице место на ул.„Пресека“ бр.14Б , по барање на Инвеститорот “ЕВН – Македонија“ Оддел КЕЦ – Ѓорче Петров, Скопје кој треба да изврши полагање на кабел PVC NAY2Y-J 4x16мм2 ,заради реализација на приклучок за објект за барател Митева Јагода.

Од увидот на лице место констатирано е дека за реализација на барањето според техничкото решение за овој предмет, ЕВН Македонија предвидува да положи кабел PVC NAY2Y-J 4x16мм2.Трасата за новата електрична инсталација започнува од постоечко КРО F4 од каде што ја поминува ул.“Пресека“ по пат на бушење ,и се поставува нов КРО F3 од каде што продолжува по тротоарот од бетонска подлога се до нов мерен ормар МРО 1 поставен пред оградата на објектот на барателот.

Трасата на ровот за подземниот вод е со вкупна должина од 20 метри, а кои припагаат на јавна површина при Општина Карпош.

На име на надоместок за изведување на подземни инсталации по јавни површини согласно Одлуката бр.07-6723/6 од 03.10.2014 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на номинирана цена за градежно – земјани работи за изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот да уплати износ од 2.952 денари со вклучено ДДВ.

На Инвеститорот – Изведувач дадени му се насоки за начинот на изведување на сите градежно земјани работи за положување на подземниот електричен вод како и обезбедување на трасата за безбедност на минувачите со сите потребни означувања.Подлогата по положување на електричните кабли да се врати во првобитна состојба со истите материјали како и претходните. Тампонот од тротоарската подлога од бекатон да се набие во слоеви и да се пререди бекатонот по целата широчина на тротоарот.

По завршување на сите градежни работи околу изведувањето на електричниот подземен вод, Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали квалитетно се завршени работите и дали е подлогата вратена во првобитна состојба.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Наташа Иванова

Ивана Стојановски

Тома Мандилоски

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk*